Врз основа на чл. 22 и 23 од Законот за работните односи Пречистен текст - („Службен весник на РМ" бр. 167/15, 27/16 и 120/18) в.в. со член 14, член 22 став 1 алинеја 2, став 3, став 8, став 13 и став 14 од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018), Правилникот за организација и работа на Царинска управа број 02-14736/1 од 06.10.2015 година и број 04-065421/15-0012 од 21.06.2016 година и Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа број 02-14736/1 од 06.10.2015 година, број 01-065421/15-0007 од 25.02.2016 година и број 01-065421/15-0013 од 21.06.2016, измената на Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа број 01-065421/15-0035 од 03.07.2018 година и известувањето од Министерството за финансии број 18-7560/2 од 11.07.2018 година, Царинската управа објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 2/2018

За вработување на 2 (двајца) извршители на определено работно време, поради времено зголемен обем на работа, до крајот на тековна фискална година (2018).

Царинската управа објавува оглас за вработување на 2 (двајца) извршители на определено време до крајот на тековна фискална година (2018) и тоа :

1. ВОДИТЕЛ НА СМЕНА во царинска испостава Блато, работно место од ниво Б4 од категорија на раководни царински службеници - 1 ИЗВРШИТЕЛ

Општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Посебни услови:

- економски науки, правни науки, електротехника, машинство, организациони науки и управување (менаџмент), регулација и управување со технолошки процеси, технологија на прехрамбени производи и текстилна технологија со ниво на квалификација VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство најмалку 2 години на царински работи или во струката.

Кандидатите потребно е да ги достават следните документи:

- Доказ за државјанство;
- Доказ дека не им е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност;

- Доказ уверение- диплома за завршен степен на образование;
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- Доказ за работно искуство (преглед на регистрирани податоци во матична евиденција издаден од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.)
- Пријава и кратка биографија со задолжително наведено живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, email адреса и контакт телефон.

Кандидатите се должни да поднесат Пријава, кратка биографија и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Распоред на работно време: Работни часови во неделата: 40 часа,
Работно време: од понеделник до петок од 08,30 до 16,30 часот
Паричен износ на основна нето плата: 33.432,00 денари.

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2018 година.

**2. СОВЕТНИК ЗА ПРОЕКТИ** во служба за проекти **во одделение за меѓународна соработка** работно место од ниво В3 од категорија на стручни царински службеници **– 1 ИЗВРШИТЕЛ**

Општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Посебни услови:

- **економски науки, правни науки, електротехника, машинство, организациони науки и управување** (менаџмент), регулација **и управување** со **технолошки процеси, технологија** на прехрамбени **производи и текстилна технологија, наука за книжевност** и наука за јазикот **(лингвистика)** со ниво на **квалификации VI Б** според Македонската рамка **на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити** според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) ,
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство најмалку 1 година на царински работи или во струката

Кандидатите потребно е да ги доставаат следните документи:

- Доказ за државјанство;
- Доказ дека не им е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Доказ уверение- диплома за завршен степен на образование;
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).
- Доказ за работно искуство (преглед на регистрирани податоци во матична евиденција издаден од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.)
- Пријава и кратка биографија со задолжително наведено живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, email адреса и контакт телефон.

Кандидатите се должни да поднесат Пријава и кратка биографија и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Распоред на работно време: Работни часови во неделата: 40 часа,
Работно време: од понеделник до петок од 08,30 до 16,30 часот.
Паричен износ на основна нето плата: 30.724,00 денари.

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2018 година.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 (три) работни денови сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување), односно најдоцна до 30.07.2018 година (понеделник). Изборот на кандидатот ќе се изврши во рокот определен согласно член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Царинска управа или по пошта на следната адреса: Ул.„Лазар Личеноски" бр.13, 1000 Скопје, Архива на Царинска управа (со назнака „за оглас за вработување бр. 2/2018").

Контакт број 02 3166 188 Сектор за управување со човечки ресурси при Царинска управа на РМ.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Бр. 04–054910/18-0003
Скопје, 19.07.2018 година

24. 07. 2018

Директор
м-р Ѓоко Танасоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
СКОПЈЕ
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ